Влада на Република Северна Македонија
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

| |
|---|
| Република Северна Македонија<br>Republika e Maqedonisë së Veriut<br>Бр. / Nr. 22-1769/1<br>12-03-2021 година/viti |

| | |
|---|---|
| Предлагач:<br>Propozuesi: | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ<br>MINISTRIA E FINANCAVE |

## ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР<br>НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## DREJTUAR SEKRETARIT TË PËRGJITHSHËM<br>TË QEVERISË SË REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT

| | |
|---|---|
| Име на материјалот:<br>Emri i materialit: | Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година. /<br>Raport vjetor për punën e inspektimit financiar në sektorin publik në vitin 2020. |
| | ЕПП бр. / PEP nr. ____________________ |

Усогласеност со Годишната програма на Владата: ДА
Harmonizim me Programin vjetor të Qeverisë: PO

Низок приоритет, поврзан со стратешки приоритеи
Me prioritet të ulët, lidhur me përparësitë strategjike

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: ДА ДЕЛУМНО НЕ
Harmonizim me nenin 68 të Rregullores për Punë të Qeverisë: PO PJESËRISHT JO

| | | |
|---|---|---|
| ДА / PO | ДЕЛУМНО<br>PJESËRISHT | НЕ / JO |

Карактер на материјалот:
Karakteri i materialit:

| | | |
|---|---|---|
| слободен пристап<br>qasje e lirë | ограничена употреба<br>përdorim i kufizuar | класифицирани информации<br>(државна тајна, строго доверливо, доверливо, интерно)<br>informata të klasifikuara<br>(sekret shtetëror, tepër i besueshëm, i besueshëm, intern) |

Итност на материјалот: Не е од итен карактер
Urgjenca e materialit:

(Да се наведе итноста и образложение за итноста на материјалот)

**Влада на Република Северна Македонија**
**Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut**

( Të shënohet urgjenca dhe arsyeshmëria e urgjencës së materialit)

**Прилози:**
**Shtojcat:**

- Меморандум / Memorandum
- Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година / Raport vjetor për punën e inspektimit financiar në sektorin publik në vitin 2020
- Образец за проценка на фискалните импликации / Formular për vlerësimin e implikimeve fiskale

| **Дата на доставување на материјалот:**<br>**Data e parashtrimit të materialit:** | **ПОТПИС:**<br>**NËNSHKRIMI:**<br><br>д-р/Dr. Fatmir Besimi<br>Министер за финансии |
|---|---|
| 12 / 03 / 2021 година / viti<br>Скопје / Shkup | (на министер или државен секретар, односно директорот кој раководи со самостојниот орган на државна управа)<br>(i ministrit ose sekretarit shtetëror, gjegjësisht i drejtorit që udhëheq me organin e pavarur të administratës shtetërore) |

Изработил: Роберт Иваноски / м-р Николина Алексовска — Përgatiti: Robert Ivanoski / Mr. Nikolina Aleksovska
Проверил: м-р Татјана Трајковска — Verifikoi: Mr. Tatjana Trajkovska
Одобрил: Фатмир Адеми — Miratoi: Fatmir Ademi

Одобрил: д-р Јелена Таст — Miratoi: Dr. Jelena Tast

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

| ИНСТИТУЦИЈА / INSTITUCIONI : |
| --- |
| МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCAVE |

# М Е М О Р А Н Д У М
# M E M O R A N D U M

| НАСЛОВ / TITULLI: (како што е во придружното писмо / siç është në letrën e bashkangjitur) |
| --- |
| Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година/ Raport vjetor për punën e inspektimit financiar në sektorin publik në vitin 2020 |

ПОТПИС / NËNSHKRIMI: ______________________

д-р / Dr. Fatmir Besimi
Министер за финансии / Ministër i Financave

(на министерот или државниот секретар, односно директорот кој раководи со самостојниот орган на државна управа)
(i ministrit ose sekretarit shtetëror, gjegjësisht i drejtorit që udhëheq me organin e pavarur të administratës shtetërore)

Скопје / Shkup,
12.03. 2021 година

Влада на Република Северна Македонија
Qeveria e Republikës së Maqedonisë së Veriut

| | |
|---|---|
| 1. Осврт по материјалот<br>1. Pasqyrë e materialit: | |
| Министерството за финансии согласно член 22 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор до Владата на Република Северна Македонија доставува годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во претходната година, најдоцна до 31 март во тековната година. /<br>Ministria e Financave në përputhje me nenin 22 të Ligjit për inspektim financiar në sektorin publik deri në Qeverinë e Republikës së Maqedonisë së Veriut dorëzon raport vjetor për punën e inspektimit financiar në sektorin publik për vitin paraprak, më së voni deri në datë 31 mars të vitit rrjedhës.<br>Во оваа насока изготвен е Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година во кој се содржани подетални информации за: организација и начин на работа на финансиската инспекција во јавниот сектор, констатираната состојба во 2020 и преземените мерки за подобрување на Финансиската инспекција во јавниот сектор./<br>Në këtë drejtim është përgatitur Raport vjetor për punën e inspektimit financiar në sektorin publik në vitin 2020 në të cilin përfshihen informacione më të detajuara për: organizimin dhe mënyrën e punës së inspektimit financiar në sektorin publik, gjendjen e konstatuar në vitin 2020 dhe masat e ndërmarra për përmirësimin e Inspektimit financiar në sektorin publik. | |
| 2. Разгледани можни решенија (за-против аргументи):<br>2. Zgjidhjet e mundshme të shqyrtuara (argumenete për – kundër): | |
| | |
| 3. Резултати од извршените консултации со ресорните министерства, другите органи на државната управа и организации<br>3. Rezultate nga konsultimet e realizuara me ministritë resoriale, organet e tjera të administratës shtetërore dhe organizata: | |
| Нема / Nuk ka | |
| 4. Дали материјалот содржи елементи на државна помош:<br>4. A përmban materiali elemente të ndihmës shtetërore: | |
| ДА / PO | НЕ / JO |
| Дали е донесена одлука на Комисијата за заштита на конкуренцијата за компатибилноста на државната помош:<br>A është sjellë vendim nga Komisioni për Mbrojtje nga Konkurrenca për pajtueshmërinë e ndihmës shtetërore: | |
| ДА / PO | НЕ /JO |
| 5. Изјава за усогласеност на прописот со законодавството на Европската Унија (во прилог)<br>5. Deklaratë për pajtueshmëri të dispozitës me ligjet e Bashkimit Evropian ( në shtojcë ) | |
| ДА / PO | НЕ /JO |

| | |
|---|---|
| 6. Усогласеност со преземените обврски од ратификуваните меѓународни договори:<br>6. Pajtueshmëria me detyrimet e marra nga marrëveshjet ndërkombëtare të ratifikuara: | |
| Нема / Nuk ka | |
| 7. Решение кое се препорачува (со образложение):<br>7. Zgjidhje që rekomandohet ( me arsyetim): | |
| Разгледување на Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година. /<br>Shqyrtim i Raportit vjetor për punën e inspektimin financiar në sektorin publik në vitin 2020. | |
| 8. Фискални импликации на материјалите што се предлагаат:<br>8. Implikime fiskale të materialeve që propozohen: | |
| Нема / Nuk ka | |
| 9. Очекувани влијанија:<br>9. Ndikimet e pritshme: | |
| Нема / Nuk ka | |
| 10.Оценка на Секретаријатот за законодавство по материјалот:<br>10. Vlerësimi i Sekretariatit Legjislativ për materialin: | |
| ДА / PO | НЕ /JO |
| 11.Оценка на Министерството за информатичко општество и администрација по материјалот:<br>11. Vlerësimi i Ministrisë së Shoqërisë Informatike dhe Administratës për materialin: | |
| ДА / PO | НЕ /JO |
| 12. Клучни информации за информирање на јавноста:<br>12. Informata kyçe për informimin e publikut: | |
| Годишниот извештај содржи информации за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2020 година и информации за преземените мерки за подобрување на Финансиската инспекција во јавниот сектор. /<br>Raporti vjetor përfshin informacione për punën e inspektimit financiar në sektorin publik për vitin 2020 dhe informacione për masat e ndërmarra për përmirësimin e Inspektimit financiar në sektorin publik. | |

Влада на Република Северна Македонија

# ОБРАЗЕЦ ЗА ПРОЦЕНКА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

# FORMULAR PËR VLERËSIMIN E IMPLIKIMEVE FISKALE NË PROPOZIMIN E DISPOZITAVE DHE AKTEVE TË PËRGJITHSHME TË PARASHTRUARA DERI TE QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT PËR MIRATIMIN E TYRE

| | |
|---|---|
| **1. Назив на предлогот: / Titulli i propozimit:** | **2. Министерство / орган на државна управа: Ministria / organi i administratës shtetërore:** |
| Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година / Raport vjetor për punën e inspektimit financiar në sektorin publik në vitin 2020 | Министерство за финансии / Ministria e Financave |
| **3. Цел на предлогот: / Qëllimi i propozimit:** | **4. Вид на предлог: / Lloji i propozimit:** |
| Да се разгледа Годишниот извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година / Të shqyrtohet Raporti vjetor për punën e inspektimit financiar në sektorin publik në vitin 2020 | Годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година / Raport vjetor për punën e inspektimit financiar në sektorin publik në vitin 2020 |
| **5. Контакт лице и звање: / Personi për kontakt dhe titulli:** | **6. Контакт тел./факс или е-пошта: Kontakt tel./faks ose e-posta** |
| Фатмир Адеми, раководител на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата / Fatmir Ademi, udhëheqës i Sektorit për inspektim financiar në sektorin publik dhe koordinim të luftës kundër mashtrimit me fondet e BE-së | Тел/Tel: 3255 - 301<br>Е-пошта/E-posta: fatmir.ademi@finance.gov.mk |

| | | |
|---|---|---|
| **7. Активност: / Aktivitete:** | | |
| Разгледување на годишен извештај / Shqyrtim i raportit vjetor | | |
| **8. Вид на барање: / Lloji i kërkesës:** | | |
| ( ) Регулатива во врска со ЕУ / Rregullativa në lidhje me BE | ( ) Нова програма Program i ri | ( ) Прераспределба (на средства) помеѓу две програми Rishpërndarja (e mjeteve) midis dy programeve |
| ( ) Друга нова регулатива / Rregullativë tjetër e re | ( ) Зголемување / намалување на постоечка програма Zmadhimi / zvogëlimi i programit ekzistues | ( ) Спојување на две или повеќе програми / Bashkimi i dy ose më shumë programeve |
| **9. Цел на барањето / предложената активност: / Qëllimi i kërkesës / aktivitetit të propozuar:** | | |
| | | |
| **10. Врска со владината програма: / Lidhja me programin e qeverisë:** | | |
| | | |
| **11. Фискални импликации:** | (илјади денари) / (mijëra denarë) | |

| Implikime fiskale: | Тековна год.<br>Viti rrjedhës | Втора год.<br>Viti i dytë | Трета год.<br>Viti i tretë | Четврта год.<br>Viti i katër |
|---|---|---|---|---|
| A.Вкупни трошоци за предлогот / Shpenzimet e përgjithshme për propozimin<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | | | | |
| B.Одобрени средства за предлогот / Mjetet e miratuara për propozimin<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | | | | |
| C.Промена (разлика) од одобрените средства (B-A) /<br>Ndryshimi (diferenca) nga mjetet e miratuara (B-A)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | | | | |
| D.Расположливи средства од прелевање (од други активности или програми во органот) / Mjete në dispozicion nga të hyrat (nga aktivitetet tjera ose programet në organ)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | | | | |
| E.Нето импликации на средствата на органот (C-D) / Implikimet neto të mjeteve të organit (C-D)<br>Плати / Rrogat<br>Стоки и услуги / Mallrat dhe shërbimet<br>Капитал / Kapitali<br>Трансфери / Transfere<br>Вкупно / Gjithsej | | | | |
| F.Зголемување / намалување на приходите / Zmadhimi / zvogëlimi i të hyrave | | | | |
| G.Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br>Burime shtesë të financimit ose ndarja e shpenzimeve<br>Извор:/<br>Burimi:__________ | | | | |
| 11. Нето зголемување /намалување на бројот на вработени во врска со предлогот: / Zmadhimi / zvogëlimi neto i numrit të të punësuarve në lidhje me propozimin | | | | |
| 12. Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата (а кои не се наведени во точка 11 A до 11 G) | | | | |

| | |
|---|---|
| Çfarë garancione, hua dhe obligime të vërteta ose të mundshme do të dalin për Qeverinë (të cilat janë të paraqitura në pikën 11 A deri te 11 G) | |
| 13. Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална година или надвор од нормалниот циклус на подготвување на буџетот, да се даде образложение / Nëse kjo paraqet kërkesë për mjete plotësuese në vitin fiskal vijues ose jashtë ciklit normal të përgatitjes së buxhetit, të jepet arsyetim | |
| 14. Дата на завршување на проценката Data e mbarimit të vlerësimit | |
| 15. Дата на поднесување на анализата до Министерството за финансии за добивање мислење Data e dërgimit të analizës drejtuar Ministrisë së Financave për mendim | |
| 16. Дата на добивање на одговор од Министерството за финансии / Data e marrjes së përgjigjes nga Ministria e Financave | |
| 17. Измени побарани од Министерството за финансии Ndryshime të kërkuara nga Ministria e Financave | |
| 18. Одговор на министерството-предлагач: Përgjigje nga ministria-propozues: | |
| 19. Одговор од Министерството за финансии: Përgjigje nga Ministria e Financave: | |
| 20. Дали мислењето на Министерството за финансии е дадено во прилог A është dhënë në shtojcë mendimi i Ministrisë së Financave | |

21. Одобрено/ Miratuar / Дата / Data:

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на Државен Секретар или Директор на Орган/ Nënshkrimi i Sekretarit Shtetëror ose i Drejtorit të Organit | 12 / 03 / 2021 Ден / месец / год. Dita / muaji / viti | Потпис на Министерот Nënshkrimi i Ministrit | 12 / 03 / 2021 Ден/ месец/год. Dita / muaji / viti |

Изработил: Роберт Ивноски / м-р Николина Алексовска
Проверил: м-р Татјана Трајковска
Одобрил: Фатмир Адеми

Përgatiti: Robert Ivanoski / Mr. Nikolina Aleksovska
Verifikoi: Mr. Tatjana Trajkovska
Miratoi: Fatmir Ademi

Влада на Република Северна Македонија

НАСЛОВ НА ИНФОРМАЦИЈА и СОДРЖИНА:

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

СЕКТОР ЗА ФИНАНСИСКА ИНСПЕКЦИЈА ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР И КООРДИНАЦИЈА НА БОРБА ПРОТИВ ИЗМАМА НА ЕУ СРЕДСТВАТА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

## за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година

Скопје, март 2021 година

## ВОВЕД

Министерството за финансии, согласно член 22 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/13, 43/14, 153/15 и 164/18), до Владата на Република Северна Македонија доставува годишен извештај за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во претходната година, најдоцна до 31 март во тековната година. Надлежноста, постапката за вршење на финансиската инспекција и организацијата на финансиската инспекција во јавниот сектор се регулирани со Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор.

Согласно горенаведеното, овој извештај содржи информации за:

- организациската поставеност на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата во рамки на Министерството за финансии,
- работата на финансиската инспекција во јавниот сектор во 2020 година и
- преземени мерки за системско подобрување на финансиската инспекција во јавниот сектор.

## I. Организациска поставеност на Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата во рамките на Министерството за финансии

Согласно Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор, работите на финансиската инспекција ги врши Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор (во натамошниот текст: Секторот), како посебна внатрешна организациона единица во рамките на Министерството за финансии. Со работата на Секторот раководи главен финансиски инспектор (во натамошниот текст: главен инспектор) кој директно одговара на министерот за финансии.

Секторот функционира од 2015 година, а согласно Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за финансии, донесен од министерот за финансии на ден 05.12.2018 година, истиот е преименуван во Сектор за финансиска инспекција во јавниот сектор и координација на борба против измама на ЕУ средствата и истиот е реорганизиран во две одделенија:

1. Одделение за финансиска инспекција на субјектите на централно и на локално ниво, во кое се систематизирани 7 работни места: раководител на одделение - виш инспектор, двајца советници - инспектори, двајца виши соработници - помлади инспектори и двајца помлади соработници и
2. Одделение за координација на борба против измама на ЕУ средствата

(АФКОС), во кое се систематизирани 5 работни места: раководител на одделение, советник, виш соработник, соработник и помлад соработник.

Одделението за финансиска инспекција на субјектите на централно и на локално ниво ги врши работите на финансиската инспекција. Финансиска инспекција се врши кај корисниците на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија, фондовите, општините и градот Скопје, агенциите и другите институции основани со закон, јавните претпријатија, јавните установи и другите правни лица кои се во државна сопственост или сопственост на општините и градот Скопје или во кои државата или општините и градот Скопје се акционери, како и кај непрофитните организации и другите правни и физички лица само за делот на добиените јавни средства или гаранции.

Одделението за координација на борба против измама на ЕУ средствата (АФКОС) како контакт точка со Европска агенција за борба против измами (ОЛАФ) врши координација на административните и оперативните обврски и активности и предложува измени на националното законодавство, со цел да се заштитат финансиските интереси на ЕУ.

## II. Информации за работата на финансиската инспекција во јавниот сектор за 2020 година

Финансиската инспекција во јавниот сектор врши надзор над спроведувањето на одредбите од следните закони:

- Закон за финансиска дисциплина,
- Закон за буџетите,
- Закон за јавна внатрешна финансиска контрола,
- Закон за финансирање на единиците на локалната самоуправа,
- Закон за сметководството за буџетите и буџетските корисници,
- Закон за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единки корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски и
- Закон за пријавување и евиденција на обврски.

Согласно Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор, финансиската инспекција се реализира врз основа на: барање поткрепено со докази, информација или пријава од правни и физички лица; известување за пречекорување на законски рокови за плаќање на обврските; известување или евиденција за прекршување на постапките за финансиско управување и контрола; извештај од областа на финансиското управување и контрола; извештај на внатрешната ревизија, односно на Државниот завод за ревизија; барање од Влада на Република Северна Македонија;

барање од раководител или вработен на субјект од јавниот сектор; барање од Јавното обвинителство на Република Северна Македонија; барање од Европската канцеларија за борба против измами и добиеното овластување од главниот инспектор или налог од министерот за финансии, ако добиените сознанија укажуваат на основано сомнение за сериозно лошо финансиско управување, измама и корупција.

Постапка за финансиска инспекција во јавниот сектор може да поведе главниот инспектор врз основа на сознание кое укажува за основано сомнение за сериозно лошо финансиско управување, измама и корупција додека финансиските инспектори вршат финансиска инспекција, подготвуваат финансиски извештај со наоди поткрепени со релевантни докази и предлог мерки за нивно надминување, го следат спроведувањето на мерките од субјектот кој бил предмет на надзор, спроведуваат постапка за порамнување со издавање на прекршочен платен налог на субјектот кој бил предмет на надзор и на одговорното лице на субјектот на надзор и поднесуваат барање за поведување на прекршочна постапка до надлежен суд во случај на утврден прекршок.

Имајќи ја предвид појавата на корона вирусот, од почетокот на март 2020 година до крајот на 2020 година активностите на Секторот во однос на пристигнатите пријави, барања, известувања, информации и извештаи, беа извршувани во рамки на објективните ограничувања кои ги наметна новонастанатата состојба.

## II.1 Констатирана состојба за 2020 година

Информациите за констатираната состојба во 2020 година, дадени подолу, се поделени во два дела и тоа:

a) Постапки на финансиска инспекција согласно одредбите од Законот за финансиска дисциплина и

b) Постапки на финансиска инспекција согласно одредбите од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор.

Оваа поделба е направена бидејќи Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор и Законот за финансиска дисциплина пропишуваат различни постапки на спроведување на финансиска инспекција, односно надзор. Генерално, за постапувањето по доставените пријави се одлучува врз основа на утврдената ризичност. Исклучок од ова правило е надзорот согласно Законот за финансиска дисциплина, каде што Финансиската инспекција е должна во рок од 30 дена од приемот на известувањата да постапи и да изврши контрола. Поради оваа законска обврска, приоритет при постапување им е дадено на предметите од областа на финансиската дисциплина.

**а) Постапки на финансиска инспекција согласно одредбите од Законот за финансиска дисциплина**

Со примената на Законот за финансиска дисциплина[1], со кој се уредува навременото исполнување на паричните обврски кои произлегуваат од реализацијата на деловните трансакции меѓу економските оператори од приватниот сектор, односно меѓу субјектите од јавниот сектор и економските оператори од приватниот сектор, Финансиската инспекција во јавниот сектор, односно Државниот пазарен инспекторат, од 1 јануари 2015 година започнаа со спроведување на надзорот по добиено известување од овластените подносители, односно судовите, нотарите и извршителите.

Надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон меѓу субјект од јавниот сектор и економски оператор од приватниот сектор, во случај кога субјектот од јавниот сектор се јавува како должник, врши Министерството за финансии преку Финансиската инспекција во јавниот сектор, додека надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон од страна на економските оператори од приватниот сектор, врши Државниот пазарен инспекторат.

Инспекцискиот надзор се спроведува:

- по добиено известување од суд дека е донесена правосилна пресуда,
- по добиено известување од нотар дека е донесено правосилно и извршно решение со кое се дозволува извршување врз основа на веродостојна исправа, донесени во постапка за присилна наплата на парична обврска која произлегува од деловна трансакција и
- по добиено известување од извршител за примено барање за извршување врз основа на извршна нотарска исправа.

Во периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година, согласно член 12 од Законот за финансиска дисциплина, од страна на овластените подносители судовите, нотарите и извршителите, до Секторот беа поднесени 190 известувања за пречекорување на законски рокови за плаќање на обврските од страна на субјектите од јавниот сектор (во натамошниот текст: известувања), односно во просек по 16 известувања месечно.

Од извршената анализа во однос на тоа за кои субјекти од јавниот сектор се однесуваат доставените известувања констатирано е дека околу 45% од известувањата се однесуваат за субјекти на централно ниво и околу 55% од известувањата се однесуваат за субјекти на локално ниво.

Имајќи го предвид големиот број на предмети од претходните години за кои се уште не е постапено, а со цел финансиската инспекција да се спроведе на најефикасен можен начин, без одлагање и со што помалку трошоци, за секој субјект од јавниот

[1] Од 1 мај 2014 година.

сектор, за кој е поведена постапка за инспекција во 2020 година, споени се сите известувања од претходни години и по истите соодветно е постапено.

Во оваа насока, во текот на 2020 година се спроведе постапка на инспекциски надзор по основ на вкупно 363 известувања и тоа:

- по основ на 51 известување примени во 2020 година, од кои 42 известувања не се во надлежност на Секторот, за 3 известувања постапката на инспекциски надзор е запрена, а за 6 известувања констатиран е прекршок и поднесени се прекршочна пријави до надлежен суд,
- по основ на 108 известувања примени во 2019 година, од кои за 85 известувања постапката на инспекциски надзор е запрена, а за 23 известувања констатиран е прекршок и поднесени се прекршочни пријави до надлежен суд,
- по основ на 94 известувања примени во 2018 година, од кои за 83 известувања постапката на инспекциски надзор е запрена, а за 11 известувања констатиран е прекршок и поднесени се прекршочни пријави до надлежен суд,
- по основ на 63 известувања примени во 2017 година, од кои за 60 известувања постапката на инспекциски надзор е запрена, а за 3 известувања констатиран е прекршок и поднесени се прекршочни пријави до надлежен суд,
- по основ на 32 известувања примени во 2016 година, од кои за 30 известувања постапката на инспекциски надзор е запрена, а за 2 известувања констатиран е прекршок и поднесени се прекршочни пријави до надлежен суд и
- по основ на 15 известувања примени во 2015 година, од кои за 14 известувања постапката на инспекциски надзор е запрена, а за 1 известување констатиран е прекршок и поднесени се прекршочни пријави до надлежен суд.

Запирањето на постапките на инспекциски надзор по горенаведените известувања е спроведено во случаите кога финансиските инспектори, при вршењето на надзорот, утврдиле дека до денот на вршење на надзорот паричната обврска која произлегува од деловната трансакција, предмет на контрола, е исполнета, односно паричната обврска не е исполнета поради тоа што во моментот на доспевање на обврската сметката на субјектот била блокирана подолго од 45 дена (за обврски со датум на доспевање заклучно со 31.12.2017 година) или паричната обврска доспеала пред 01.01.2015 година.

Доколку се направи споредба на бројот на постапени известувања во 2020 година во однос на бројот на постапени известувања во претходен период ( 2015-2019 година) може да се констатира евидентен прогрес односно само во 2020 година е постапено по 363 известувања додека за претходен период од 5 години (2015-2019 година) е постапено по 630 пријави. Во табела 1 подоле дадени се податоци за вкупниот број на примени известувања и вкупен број на известувања по кои е постапено.

Табела 1 - Вкупен број на примени известувања и вкупен број на известувања по кои е постапено

| Вкупен број на примени известувања согласно Закон за финансиска дисциплина во период 2015 - 2020 година | Вкупен број на известувања по кои е постапено во период 2015 - 2019 година | Вкупен број на известувања по кои е постапено во 2020 година | Вкупен број на известувања по кои е постапено во период 2015-2020 година | Вкупен број на известувања по кои треба да се постапи |
|---|---|---|---|---|
| а | б | в | г = б+в | д = а -г |
| 1680 | 630 | 363 | 993 | 687 |

Во однос на постапките на инспекциски надзор спроведени во 2020 година, на 9 субјекти од јавниот сектор и 20 одговорни лица во субјектите од јавниот сектор издадени се вкупно 29 прекршочни платни налози. Притоа, по 3 прекршочни платни налози сторителот на прекршокот ја платил глобата, а по останатите 26 прекршочни платни налози, поднесена е прекршочна пријава пред надлежен суд. Во табела 2 подолу се прикажани бројот на издадени прекршочни налози и поднесени прекршочна пријави пред надлежен суд, во 2020 година.

Табела 3 - Издадени прекршочни налози и поднесени прекршочна пријави пред надлежен суд во 2020 година

| Сторител на прекршок | Број на издадени прекршочни платни налози | Број на прекршочни платни налози по кои е платена глоба | Број на поднесени прекршочни пријави пред надлежен суд |
|---|---|---|---|
| Субјект од јавен сектор на централно ниво | 2 | 1 | 1 |
| Одговорно лице во субјект од јавен сектор на централно ниво | 5 | 2 | 3 |
| Субјект од јавен сектор на локално ниво | 7 | 0 | 7 |
| Одговорно лице во субјект од јавен сектор на локално ниво | 15 | 0 | 15 |
| Вкупно: | 29 | 3 | 26 |

Врз основа на вкупно поднесените 26 прекршочни пријави, постапувањето на надлежните судови е како што следи:

- за 4 прекршочни пријави донесени се одлуки со кои се изречени санкции - глоби,
- за 2 прекршочни пријави донесени се одлуки со кои се изречени санкции - опомени,
- за 20 прекршочни пријави судската постапка е во тек.

**<u>б) Постапки на финансиска инспекција согласно одредбите од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор</u>**

Постапките на финансиска инспекција, согласно одредбите од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор, се вршат со цел заштита на финансиските интереси на субјектите од јавниот сектор од сериозно лошо финансиско управување, измами и корупција, односно заштита и остварување на правата и интересите на подносителите - физички и правни лица и на јавните интереси утврдени со закон.

Согласно член 10 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор, во периодот од 01.01.2020 година до 31.12.2020 година, до Секторот беа доставени 24 пријави[2] односно во просек по 2 пријави месечно.

Врз основа на извршена анализа на документацијата, доставена во прилог на вкупно поднесените 24 пријави во 2020 година се утврди дека:

- 1 пријава не е во надлежност на Секторот,
- 3 пријави се доставени и до Основното јавно обвинителство, бидејќи истите содржат и наводи од надлежност на Основното јавно обвинителство и
- 20 пријави се во надлежност на Секторот, при што 13 пријави се однесуваат на 10 субјекти од јавниот сектор, додека 6 пријави, поднесени врз основа на Законот за пријавување и евиденција на обврски и 1 пријава, поднесена врз основа на Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единките корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, се однесуваат на поголем број субјекти од јавниот сектор.

Во однос на постапувањето по горенаведените пријави, во 2020 година:

- по 1 пријава спроведена е финансиска инспекција, констатиран е прекршок и поднесена е прекршочна пријава пред надлежен суд,

[2] Пријави, барања, известувања, евиденции, информации и извештаи согласно член 10 од Законот за финансиската инспекција во јавниот сектор.

- по 1 пријава, за спроведување надзор над примената на одредбите од Законот за финансиска поддршка на единиците на локалната самоуправа и единките корисници основани од единиците на локалната самоуправа за финансирање на доспеани, а неплатени обврски, која се однесува на 21 единица на локалната самоуправа, издадено е 21 овластување и врз основа на истите постапката на финансиска инспекција е во тек,
- по 1 една пријава, започната е постапка на финансиска инспекција, кон која се приклучени 1 пријава од 2019 година и 1 пријава од 2016 година и
- по останатите 20 пријави ќе се постапува врз основа на спроведената проценка на ризичноста и во рамки на расположливите човечки ресурси.

## III. Преземени мерки за системско подобрување на финансиската инспекција во јавниот сектор

Во 2020 година, во рамки на планираните активности за реализација на Приоритетот 7 - Финансиска инспекција согласно „Политиката за внатрешната финансиска контрола во јавниот сектор“ (со Акциски план за периодот од 2019 до 2021 година), се преземаа низа мерки и активности за системско унапредување на Финансиската инспекција во јавниот сектор, а со крајна цел обезбедување одговорно, отчетно, успешно и транспарентно управување со јавните средства во функција на спроведување на раководната отчетност.

Имено, во рамки на мерката за подобрување на регулативата за финансиската инспекција во јавниот сектор, а со поддршка на ИПА Твининг проектот „Зајакнување на функциите на буџетско планирање, извршување и внатрешна контрола" беа реализирани активности за анализа на постојната регулатива, која се однесува на надлежностите и работењето на финансиската инспекција во јавниот сектор и изменување и дополнување на регулативата, согласно изготвената анализа и тоа:

- подготвен е извештај за проценка на законската рамка за финансиската инспекција во јавниот сектор и други релевантни документи, како основа за измени на законската регулатива за финансиската инспекција во јавниот сектор,
- подготвена е компаративна анализа на врз основа на научените лекции од искуствата на финансиската инспекција во Министерството за финансии и најдобрите практики во ЕУ,
- подготвен е прв предлог на измени и дополнувања, врз основа на кои, во текот на 2021 година ќе се подготви новиот текст на Законот за финансиска инспекција во јавниот сектор,
- реализирана е обука на финансиските инспектори за спроведување на финансиска инспекција преку примери од праксата на финансиските инспекции на Бугарија и Хрватска и

- подготвен е плански документ за развој на финансиската инспекција во јавниот сектор за период од 2021 до 2026 година и акциски план.

Во периодот што следува, со поддршка на ИПА Твининг проектот, планирано е да се реализираат активности во насока на:

- воспоставување и реализација на план за обука за финансиските инспектори и тоа преку семинари, работилници, пракса, обука на работно место во рамки на Твининг проектот,
- подготовка на нацрт текст на новиот Закон за финансиска инспекција во јавниот сектор,
- подготовка на методолошки алатки (процедури / оперативни упатства / насоки) за примена на аналитички и инспекциски техники за финансиска инспекција во јавниот сектор и
- разработка и подготовка на нов концепт за добивање лиценца за финансиски инспектор.